# Универзитетски гласник

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник*
*на издавачката дејност на УКИМ*
**Проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

*Уредник*
*на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

***О Д Л У К А***
за плати, додатоци и надоместоци на плата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Скопје .... 2

***О Д Л У К А***
за распределба на надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Скопје ............... 10

***О Д Л У К А***
за стекнување и распределба на вкупниот приход на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Филозофски факултет – Скопје ..................................................... 16

Врз основа на член 170-а од Законот за дополнување на Законот за високото образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 58/2024), членовите 9-31 и 33-43 од Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 287/2022), одредбите од Колективниот договор за високо образование и наука (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 102/2021), кои се поповолни за вработениот, член 2 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 161/2010) и член 59, став 1, точка 14 од Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 463/2019, бр. 569/2021, бр. 609/2022 и бр. 647/2023), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 29.10.2025 година, ја донесе следнава

## ***О Д Л У К А***
## **за плати, додатоци и надоместоци на плата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат платата, додатоците и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Скопје (во натамошниот текст: Факултетот).

I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 2

Платата на вработениот се состои од:

- дел кој се исплаќа од основниот буџет на Министерството за образование и наука (буџетски дел), и
- дел кој се исплаќа од сопствените приходи на Факултетот.

**II. ПЛАТА**

***Начин на исплата на плата***

**Член 3**

Платата на вработениот се исплаќа од средствата од основната буџетска сметка и од средствата од сопствени приходи, доколку се остваруваат средства од сопствени приходи, во зависност од видот, обемот, сложеноста и одговорноста во извршувањето на работата на работното место.

**Член 4**

Делот од платата од средствата на основниот буџет на Министерството за образование и наука се исплаќа согласно со коефициентите за исплата утврдени во Законот за високото образование и Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Колективниот договор на Универзитетот), за секое пополнето работно место согласно со Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Скопје, Анекс бр. 21) (во понатамошниот текст: Правилникот за систематизација).

Делот од платата кој може да се исплаќа од сопствените приходи на Факултетот се изразува во бодови за секое работно место, утврдени со Правилникот за систематизација и оваа одлука според степенот на стручната подготовка, видот, обемот, сложеноста на работите што работникот ги врши на работното место за кое склучил договор за вработување, односно на кое е распореден, одговорноста на работникот, стекнатите знаења и вештини.

***Мерила и критериуми за остварување на плата***

***Мерила и критериуми за остварување основна бруто плата на наставниот кадар***

**Член 5**

Основната плата на наставниците на Факултетот со полно работно време се остварува за извршување настава во обем

од 180 часа годишно (за една учебна година).

Обемот на работите за исполнување на нормираните работни задачи за наставниците од 180 часа настава се распоредуваат, и тоа за:

- предавања до 5 наставни часа неделно, односно до 150 наставни часа за една учебна година[1];
- подготовка на предавања и други форми на изведување на наставата – до 5 часа неделно;
- консултации – до 4 часа неделно;
- континуирана проверка на знаења (домашни задачи, семинарски работи, проекти, теренска настава и сл.) – до 4 часа неделно;
- завршна проверка на знаења и завршна проверка на знаења со презентација на писмен труд – до 15 часа годишно[2].

Други работи на наставниот кадар за кои добива основна плата се:

- вршење научноистражувачка работа;
- континуирано стручно и научно усовршување;
- учество во работата на органите на Факултетот (ННС, Деканатска управа, наставно-научен колегиум, Совет на трет циклус студии и сл.);
- други активности поврзани со наставно-образовниот процес.

**Член 6**

Основната бруто плата на соработниците на Факултетот со полно работно време се остварува за извршување настава во обем од 360 часа годишно (за една учебна година).

Обемот на работите за исполнување на нормираните работни задачи за соработниците од 360 часа настава се распоредуваат, и тоа за:

- за реализација на вежби со фонд до 10 часа неделно, односно максимум 300 часа годишно;
- подготовка за изведување вежби – до 10 часа неделно;
- консултации – до 4 часа неделно.

Други работи на соработниците за кои добиваат основна плата се:

- вршење научноистражувачка работа;
- континуирано стручно и научно усовршување;
- учество во работата на институтот (наставно-научен колегиум и сл.);
- други активности поврзани со наставно-образовниот процес.

***Мерила и критериуми за остварување основна бруто плата на ненаставниот кадар***

**Член 7**

Мерила и критериуми, согласно со член 4, став (2) на оваа одлука, за ненаставниот кадар, изразено во бодови, се:

| **Работно место** | **Вид на образова-ние** | **Вид на работи-те** | **Обем на работи-те** | **Сложе-ност на работите** | **Одговор-ност на работното место** | **Стекнати знаења и вештини** | **Вкупно бодови** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Назив | бодови | бодови | бодови | бодови | бодови | бодови | |
| Секретар | 10 | 10 | 20 | 15 | 30 | 15 | 100 |

[1] Одржани предавања на група до 40 студенти.

[2] Еден час завршна проверка на знаења е еквивалентен на испрашани 3 кандидати.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Раководител на Одделението за студентски прашања | 10 | 10 | 20 | 15 | 20 | 15 | 90 |
| Раководител на Одделението за правни и општи работи | 10 | 10 | 20 | 15 | 20 | 15 | 90 |
| Раководител на Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење | 10 | 10 | 20 | 15 | 20 | 15 | 90 |
| Раководител на Одделението за човечки ресурси и настава | 10 | 10 | 20 | 15 | 20 | 15 | 90 |
| Раководител на Одделението за библиотечно работење | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 60 |
| Советник за студентски прашања | 10 | 7 | 7 | 8 | 5 | 8 | 45 |
| Советник за настава и наука | 10 | 7 | 7 | 8 | 10 | 8 | 50 |
| Советник за библиотечно работење | 10 | 7 | 5 | 5 | 5 | 8 | 45 |
| Советник за деловно работење | 10 | 7 | 5 | 5 | 5 | 8 | 45 |
| Советник за човечки ресурси | 10 | 7 | 7 | 8 | 5 | 8 | 45 |
| Виш соработник за финансиско, сметководствено и материјално работење | 10 | 7 | 7 | 8 | 5 | 8 | 45 |
| Виш соработник за студентски прашања | 10 | 7 | 5 | 5 | 5 | 8 | 40 |
| Виш соработник за магистерски и докторски студии | 10 | 7 | 5 | 5 | 5 | 8 | 40 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Виш соработник за библиотечно работење | 10 | 7 | 5 | 5 | 5 | 8 | 40 |
| Соработник за студентски прашања | 10 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 35 |
| Соработник за е-индекс | 10 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 35 |
| Соработник за јавни набавки | 10 | 5 | 7 | 8 | 5 | 5 | 40 |
| Соработник за библиотечно работење | 10 | 5 | | | / | | 35 |
| Документарист-архивист | 10 | 5 | 7 | 8 | 5 | 5 | 40 |
| Помлад соработник за издавачка дејност, култура и спорт | 10 | 5 | 5 | 5 | / | 5 | 30 |
| Помлад соработник за студентски прашања | 10 | 5 | 5 | 5 | / | 5 | 30 |
| Помлад соработник за библиотечно работење | 10 | 5 | 5 | 5 | / | 5 | 30 |
| Благајник I/ Самостоен референт за благајна | 7 | 7 | 7 | 8 | 5 | 8 | 35 |
| Информатичар I/Самостоен референт за ИКТ | 7 | 5 | 8 | 5 | 10 | 15 | 50 |
| Самостоен референт за деловно работење | 7 | 5 | 8 | 5 | / | / | 25 |
| Администратор I/Самостоен референт администратор | 7 | 5 | 8 | 5 | / | / | 25 |
| Архивар/Самос-тоен референт архивар | 7 | 5 | 8 | 5 | / | / | 25 |
| Самостоен референт техничар | 7 | 5 | 8 | 5 | / | / | 25 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Самостоен референт за магацинско работење | 7 | 5 | 8 | 5 | / | / | 25 |
| Возач | 5 | 5 | / | / | 5 | / | 15 |
| Хигиеничар | 5 | 5 | 5 | / | / | / | 15 |
| Портир | 5 | 5 | / | / | 5 | / | 15 |

***Висина и вредност на бодот***

**Член 8**

Висината на делот од плата кој се исплаќа од сопствени приходи на Факултетот, изразена во бодови по работни места, се утврдува според следниов распоред на бодови:

| **НАСТАВЕН КАДАР** | | |
|---|---|---|
| **Шифра на работното место** | **Назив/звање на работното место** | **Бодови** |
| ОБН 03 02 АО1 001 | Редовен професор | 150 |
| ОБН 03 02 АО2 001 | Вонреден професор | 140 |
| ОБН 03 03 АО2 001 | Доцент | 100 |
| ОБН 03 02 ВО1 001 | Асистент | 90 |
| **СТРУЧНА И АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА** | | |
| ОБН 01 02 АО2 001 | Секретар | 100 |
| ОБН 01 02 БО4 001 | Раководител на Одделението за студентски прашања | 90 |
| ОБН 01 02 БО4 001 | Раководител на Одделението за правни и општи работи | 90 |
| ОБН 01 02 БО4 001 | Раководител на Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење | 90 |
| ОБН 01 02 БО4 001 | Раководител на Одделението за човечки ресурси и настава | 90 |
| ОБН 01 02 БО4 001 | Раководител на Одделението за библиотечно работење | 60 |
| ОБН 01 02 ВО1 005 | Советник за студентски прашања | 45 |
| ОБН 01 02 ВО1 004 | Советник за настава и наука | 50 |
| ОБН 01 02 ВО1 004 | Советник за библиотечно работење | 45 |
| ОБН 01 02 ВО1 008 | Советник за деловно работење | 45 |
| ОБН 01 02 ВО1 002 | Советник за човечки ресурси | 45 |
| ОБН 01 02 ВО2 011 | Виш соработник за финансиско, сметководствено и материјално работење | 45 |
| ОБН 01 02 ВО2 005 | Виш соработник за студентски прашања | 40 |
| ОБН 01 02 ВО2 005 | Виш соработник за магистерски и докторски студии | 40 |
| ОБН 01 02 ВО2 008 | Виш соработник за библиотечно работење | 40 |
| ОБН 01 02 ВО3 005 | Соработник за студентски прашања | 35 |

| | | |
|---|---|---|
| ОБН 0102 ВО3 015 | Соработник за е-индекс | 35 |
| ОБН 01 02 ВО4 013 | Соработник за јавни набавки | 40 |
| ОБН 01 02 ВО3 008 | Соработник за библиотечно работење | 35 |
| ОБН 01 02 ВО3 022 | Документарист-архивист | 40 |
| ОБН 01 02 ВО4 010 | Помлад соработник за издавачка дејност, култура и спорт | 30 |
| ОБН 01 02 ВО4 005 | Помлад соработник за студентски прашања | 30 |
| ОБН 01 02 ВО4 008 | Помлад соработник за библиотечно работење | 30 |
| ОБН 01 02 ГО1 008 | Благајник I/ Самостоен референт за благајна | 35 |
| ОБН 01 02 ГО1 005 | Информатичар I/Самостоен референт за ИКТ | 50 |
| ОБН 01 02 ГО1 001 | Самостоен референт за деловно работење | 25 |
| ОБН 01 02 ГО1 006 | Администратор I/Самостоен референт администратор | 25 |
| ОБН 01 02 ГО1 010 | Архивар/Самостоен референт архивар | 25 |
| ОБН 01 02 ГО1 004 | Самостоен референт техничар | 25 |
| ОБН 01 02 ГО1 013 | Самостоен референт за магацинско работење | 25 |
| **ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА** | | |
| ОБН 04 05 АО1 001 | Возач | 15 |
| ОБН 04 01 АО1 001 | Хигиеничар | 15 |
| ОБН 04 02 АО1 002 | Портир | 15 |

**Член 9**

Вредноста на бодот за делот од плата кој може да се исплаќа од сопствени приходи зависи од средствата со кои располага Факултетот и се утврдува со одлука донесена од страна на деканот на Факултетот.

***Дел од плата за работна успешност***

**Член 10**

Основната бруто плата на вработените по основ за работна успешност во текот на месецот може да се зголеми најмногу до 30 % од основната плата.

Делот од платата за работна успешност може да се исплати доколку за тоа има сопствени средства на сметката на Факултетот за таа намена.

Делот од платата за работна успешност се исплаќа за:

1. вонредно и натпросечно оптоварување на вработениот;
2. зголемен обем на работа;
3. предвремено и квалитетно извршување на работите.

**Мерила и критериуми за дел од плата за работна успешност**

**Член 11**

На вработениот може да му се исплаќа дел од плата за работна успешност во согласност со следниве критериуми:

1. Под вонредно и натпросечно оптоварување на вработениот се смета:

- замена на отсутен работник поради користење на повеќе од 5 (пет) дена од годишен одмор;
- замена на отсутен работник поради боледување и породилно/родителско отсуство;
- работа за извршување на работи од работно место кое не е пополнето.

За вонредно и натпросечно оптоварување на вработениот одлучува деканот на Факултетот врз основа на документација или извештај за период за кој вработениот е оптоварен.

2. За зголемен обем на работа се смета:

- работа за извршување на активности кои не се предвидени како редовни обврски за работното место на кое е распореден работникот;
- работа при упис на нови студенти;
- работа при изработка на завршни сметки и др.;
- доколку работникот дал посебен придонес во подобрувањето на квалитетот на извршените работи.

За зголемен обем на работа на вработениот одлучува деканот врз основа на извештај од секретарот или од раководителот на организациона единица.

3. Предвремено и квалитетно извршување на работите се исплаќа во исклучителни ситуации, врз основа на одлука донесена од деканот за еднократна исплата на надоместок за предвремено и квалитетно извршување на работните задачи кои се извршени со поголема креативност и самоиницијативност од вообичаената.

## III. ДОДАТОЦИ

***Додатоци на плата врз основа на работен стаж и врз основа на работно време***

**Член 12**

Додатоците што се однесуваат на додаток на плата врз основа на работен стаж и додаток на плата врз основа на работно време се исплаќаат согласно со Колективниот договор.

***Функционален додаток на плата***

**Член 13**

За вршење раководни функции на Факултетот се исплаќа функционален додаток на плата од сопствени приходи, кој се изразува во коефициенти во однос на износот на минималната нето плата.

Функционалниот додаток на плата изразен во коефициенти се утврдува во висина од:

1. за декан – 1,1 коефициент;
2. за продекан – 0,8 коефициент;
3. за раководител на институт – 0,35 коефициент.

Функционалниот додаток на плата се исплатува месечно од започнувањето на извршувањето на функцијата, па до нејзиното престанување.

Висината на коефициентот се утврдува со оваа одлука, во зависност од расположливите финансиски средства на Факултетот.

***Додаток на плата за посебни услови за работа***

**Член 14**

Платата на вработениот се зголемува за работа во услови потешки од нормалните за соодветното работно место, и тоа изразено во проценти утврдени во Колективниот договор.

***Додаток на плата за научен степен***

**Член 15**

Додатокот на плата за научен степен се исплаќа од сопствените приходи на единицата во висина утврдена во Колективниот договор, врз претходно донесена одлука од Деканатската управа, на предлог на секретарот, по барање на вработениот.

***Додаток на плата пред пензионирање***

**Член 16**

Факултетот нема да исплатува додаток на плата пред пензионирање.

## IV. НАДОМЕСТОЦИ

***Надоместоци на плата***

**Член 17**

Вработениот има право на надомест на плата, утврдено согласно со закон и Колективниот договор.

***Надоместоци на трошоци поврзани со работата***

**Член 18**

**А) Вработените лица имаат право на надоместоци поврзани со работата, и тоа:**

- за службено патување во земјата и во странство,
- теренски додаток,
- трошоци за користење сопствено возило за потребите на работодавачот,
- во случај на смрт на работникот или на смрт на член од потесното семејство,
- за непрекинато боледување подолго од 6 (шест) месеци,
- надомест за годишен одмор (регрес), и
- јубилејни награди.

Факултетот може да исплати од сопствени средства и поголема парична помош предвидена со закон за надоместоците во став 1, алинеја 4 и алинеја 5 на овој член, врз основа на доставено барање за парична помош од вработениот со придружна документација и донесена одлука на Деканатската управа, во висина најмногу до две просечни месечни нето плати на ниво на работодавач, исплатени од страна на работодавачот.

***Б) Надомест за годишен одмор (регрес)***

Вработените лица имаат право на надомест за годишен одмор (регрес) во висина најмногу до 60 % од просечната месечна нето плата по работник во државата која важи на денот на донесување на одлуката за исплата под услов работникот да работел најмалку 6 месеци на Факултетот во календарската година.

Исплатата на регресот се врши доколку Факултетот има обезбедено средства од сопствени приходи, врз претходно донесена одлука на Деканатската управа.

***В) Надомест за јубилејни награди***

Вработените лица имаат право на надомест за јубилејни награди согласно со Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Факултетот и Одлуката за исплата на јубилејна награда за непрекината работа на вработените лица на Филозофскиот факултет во Скопје со арх. бр. 02-2398/3 од 24.11.2021 год.

Исплатата на јубилејна награда се врши доколку Факултетот има обезбедено средства од сопствени приходи.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 19**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 713/2025).

**Член 20**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Оливер Бакрески, с.р.**

Врз основа на член 170-а од Законот за дополнување на Законот за високото образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 58/2024), членовите 9-31 и 33-43 од Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 287/2022), одредбите од Колективниот договор за високо образование и наука (Службен весник на

Република Северна Македонија бр. 102/2021), кои се поповолни за вработениот, член 2 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 161/2010) и член 59, став 1, точка 14 од Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 463/2019, 569/2021, 609/2022 и 647/2023), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 29.10.2025 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за распределба на надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Скопје**

ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со Одлуката за распределба на надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Скопје (во натамошниот текст: Одлуката), се уредуваат основите и начинот на распределување на другите надоместоци од работен однос, а кои се исплатуваат од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Скопје (во натамошниот текст: Факултетот).

**I. НАДОМЕСТОЦИ ОД ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ СРЕДСТВА ОД СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ ЗА ВРШЕЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ РАБОТИ И РАБОТНИ ЗАДАЧИ КОИ НЕ СПАЃААТ ВО РЕДОВНИ РАБОТНИ ОБВРСКИ**

***Надоместоци за вршење дополнителни работни задачи за прв циклус студии (додипломски студии)***

**Член 2**

На наставниците над нормираниот обем на работни задачи утврден во член 5, став 2, алинеја 1 од Одлуката за плати, додатоци и надоместоци на плата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Скопје, им се исплатува надоместок за вршење дополнителни работи и работни задачи согласно со формулата Н (нето вредност за 1 час предавања) = К x (С - Број на запишани студенти)$^{0,25}$ . К (коефициент на оптовареност на наставникот), за редовен професор изнесува 200 бода, за вонреден професор 150 бода и за доцент 120 бода.

Врз основа на Распоредот на работните задачи на I циклус студии, кој го утврдува Наставно-научниот совет пред почетокот на учебната година и евиденцијата за запишани студенти по предмет, по завршување на секој семестар, наставникот доставува извештај за реализирани часови предавања.

Деканот донесува решение за висина на надоместокот врз основа на одобрен извештај од страна на продеканот за настава.

**Член 3**

На наставниците над нормираниот обем на работни задачи утврден во член 5, став 2, алинеја 5 од Одлуката за плати, додатоци и надоместоци на плата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Скопје, им се исплатува надоместок за вршење дополнителни работи и работни задачи, и тоа:

1. Изведување на завршена проверка на знаења со презентација на писмен труд[3]

[3] Еден час завршна проверка на знаења е еквивалентен на испрашани три кандидати.

- ментор - 60 бода од час
- член - 30 бода од час

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

**Член 4**

За изведување комисиско полагање на испит на вработените наставници и на ангажираните наставници од други факултети и научни институти се исплаќа надоместок на претседателот и на членовите – 15 бода од час.[4]

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, се определува со одлука од страна на Деканатската управа.

***Надоместоци за реализирани активности во рамки на втор циклус студии (постдипломски студии)***

**Член 5**

На наставниците им се исплаќа надомест за учество во организација и реализација на студиските програми на втор циклус студии.

По одбивањето на материјалните трошоци за студиите од вкупните приходи за секоја студиска програма на втор циклус студии и специјалистички студии (40 %) и материјалните трошоци за интегративните трошоци на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетот) на наставниците и на стручниот, административниот и техничкиот кадар (ненаставниот кадар) им се исплаќа надоместок во зависност од нивното учество во реализацијата и организирањето на студиите.

**Член 6**

За учество во реализацијата на втор циклус студии (магистерски и специјалистички студии), на наставниците им се исплатува надоместок за извршена работа, и тоа:

1. Одржан час предавање (над 5 кандидати) 75 бода
2. Менторски час (до 5 часа по кандидат) 40 бода
3. Менторски час за предмет од Универзитетската листа на слободни изборни предмети (до 2 часа по кандидат) 35 бода
4. Менторски час за предмет од Универзитетската листа на слободни изборни предмети за студенти запишани на други единици[5] 20 бода
5. Менторство при изработка на магистерски труд 450 бода
6. Учество во комисија за оцена на магистерски труд:
   - за претседателот 200 бода
   - за другите членови 100 бода
7. Учество во комисија за одбрана на магистерски труд 150 бода

Надоместокот за исплата на наставниците врз основа на т. 1, т. 2., т.3. и т.4. од овој член ќе се исплаќа по завршување на семестарот врз основа на доставени извештаи за реализирани активности.

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

***Надоместоци за реализирани активности во рамки на трет циклус студии (докторски студии)***

**Член 7**

Надоместоците за трет циклус студии (докторски студии) се утврдуваат и се распределуваат во согласност со Правилникот за уплата и распределба на школарина за студирање на третиот циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св.

[4] Еден час завршна проверка на знаења е еквивалентен на испрашан еден кандидат.

[5] Еден час е еквивалентен на еден ЕКТС-кредит.

Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 687/2024).

На наставниците им се исплатува надоместок за извршената работа, и тоа:

1. Менторство при изработка на докторска дисертација:
- по поднесен извештај за вреднување на студентот (на крајот на вториот и четвртиот семестар) 500 бода
- по прифаќање на тема за изработка на докторска дисертација 1000 бода
- по одбрана на докторска дисертација 1500 бода

2. Учество во комисија за одобрување тема за докторска дисертација:
- за претседател 350 бода
- за другите членови 200 бода

3. Учество во комисија за оцена на докторска дисертација:
- за претседател 250 бода
- за другите членови 160 бода

4. Учество во комисија за одбрана на докторска дисертација за секој член 120 бода

5. Одржани предавања (до 30 часа) за предметите од обуката за истражување (генерички предмети):
- за одржан 1 час по студент по положен испит 1,335 бода

6. Одржан испит за предметите од обуката за истражување (генерички предмети) по студент:
- носител на предмет 15 бода
- член на комисија 5 бода

7. Одржани предавања и испит за предмети од полето и областа на истражувањето
- за 1 ЕКТС од предмет по положен испит 80 бода
- член на комисија на испит 20 бода

8. Член на Комисија за валоризација на кредити по одржан годишен семинар по студент 30 бода

9. Член на Комисија за валоризација на кредити по одржана годишна конференција по студент 30 бода

10. Член на Комисија за валоризација на кредити по одржана работилница по студент
- ментор 45 бода
- раководител на студиска програма 90 бода

11. Раководител на студиска програма по студент во семестар 45 бода

12. За стручна и административна поддршка по студент во семестар (согласно со Одлука за учество и распределба на средства во зависност од вклученоста во реализацијата на активностите) 25 бода

13. Одржани предавања и испит за предмети од академска обука:
- За 1 ЕКТС од предмет по положен испит 55 бода

14. За реализација на годишен семинар и одржана годишна конференција по студент 45 бода

Вредноста на бодот, во зависност од износот на школарината, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

***Надоместоци за учество во комисии за избор во наставно-научни и соработнички звања***

**Член 8**

На избраните членови во рецензентските комисии им се исплатува надоместок, и тоа:

1. За избор во звањето редовен професор, вонреден професор и доцент:
- за првиот член 250 бода
- за другите членови 150 бода

2. За избор во звањето асистент:
- за првиот член 150 бода
- за другите членови 100 бода

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

***Надоместоци за учество во комисии, работни групи и сл.***

**Член 9**

На членови на комисии, работни групи и тела, формирани од орган на Факултетот или деканот, за изготвување акти, анализи и други активности за реализација на специјалистички курсеви, семинари, симпозиуми, перманентно образование и за вршење работи за научноистражувачки проекти што ги финансира Факултетот, како и за други работи, им се исплаќа надоместок во зависност од обемот и сложеноста на работните задачи.

Обемот и сложеноста на работата на комисиите, работните групи и тела се утврдуваат со одлука од страна на органот кој ги формирал. Износот на надоместоците за членовите на комисиите, работните групи и тела се утврдува со одлука од страна на деканот согласно со доставен извештај за извршените активности.

**а) За извршување на повремени ад хок работи**

На член на комисијата, работната група и тело му се исплаќа надомест за:

- стручно-аналитички работи (студиски програми, самоевалуација, проекти, стратегии, програми, нормативни акти и сл.): од 100 до 2 000 бода;
- експертски анализи (за прашања од конкретна област): од 350 до 1 000 бода;
- стручна работа (анализи, информативен материјал, извештаи и сл.): од 50 до 1 000 бода;
- за други активности (организациони, манифестациони и сл. работи, помошни активности: компјутерска обработка на материјали, уписи и сл.): од 100 до 2 000 бода;
- помошни и технички работи: од 50 до 500 бода;
- други стручни работи од: 100 до 500 бода.

**б) За извршување на постојани работи:**

1. На лицата одговорни за раководење со студиските програми од втор циклус студии им се утврдува надомест по семестар, и тоа:
   - од 1 до 5 студенти – во висина од 50 бода по студент;
   - од 6 до 10 студенти – во висина од 150 бода месечно;
   - за 11 и повеќе студенти – во висина од 250 бода месечно.

   Надоместокот се исплатува на крајот на секој семестар. Надоместокот од алинеја 2 не се исплатува за месеците јули и август.

2. На координаторите на сите студиски програми од втор циклус студии им се утврдува надомест по семестар, и тоа:
   - од 1 до 5 студенти – во висина од 15 бода по студент;
   - за 6 и повеќе студенти – во висина од 50 бода месечно.

   Надоместокот се исплатува на крајот на секој семестар. Надоместокот од алинеја 2 не се исплатува за месеците јули и август.

3. На Еразмус-координатор му се утврдува надомест од 150 бода месечно, освен за месеците јули и август.
4. На членовите на Комисијата за награди и признанија се утврдува надомест, и тоа за:
   - претседател – 200 бода;
   - член – 150 бода;
   - секретар на Комисијата– 100 бода.

5. На членовите на Комисијата за јавни набавки се утврдува надомест од спроведена постапка, и тоа за:
   - претседател – 100 бода;
   - член – 75 бода.

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

***Надоместоци за реализација на издавачката дејност***

**Член 10**

На членовите на Комисијата за издавачка дејност им се утврдува надомест по присуство на одржана седница, и тоа за:

1. претседател – 125 бода;
2. член – 75 бода.

За издавање научно списание на Факултетот се утврдува надомест, и тоа за:

1. главен и одговорен уредник (од наставен кадар на Факултетот) – 700 бода по издание;
2. секретар на списанието (вработен на Факултетот) – 400 бода по издание.

На членовите на редакцискиот одбор на Годишниот зборник им се утврдува надомест, и тоа за:

1. претседател на редакциски одбор – 700 бода од издание;
2. член на редакциски одбор – 50 бода од присуство на одржана седница.

На авторите и рецензентите на статии издадени во Годишниот зборник им се утврдува надомест, и тоа за:

1. автор на статија – 25 бода од страница на македонски и на англиски јазик;
2. автор на приказ – 50 бода;
3. рецензент на статија – 100 бода.

Средствата за статија напишана од повеќе автори се распределуваат рамномерно на сите автори.

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

***Надоместоци за изведување настава на други факултети на Универзитетот***

**Член 11**

На членовите на наставниот кадар на кои, по барање на членка на Универзитетот, Наставно-научниот совет со одлука им одобрил наставно ангажирање на друг факултет, по одбивање на 5 % за материјални трошоци за Факултетот, им следува надоместок во висина од 95 % од износот утврден со склучениот договор помеѓу факултетите и Одлуката за начинот на утврдувањето на цената на наставно-образовната дејност што се изведува на нематичните факултети и институти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 160/2010).

Доколку со ова ангажирање наставникот го дополнува нормираниот фонд на часови за основна плата утврден во член 5, не му следува надоместок, но доколку со ова ангажирање наставникот го надминува нормираниот фонд на часови утврден во член 5, му следува надоместок, но не и други додатоци на плата.

***Надоместоци за вршење наставна дејност на надворешни соработници***

**Член 12**

За вршење наставна дејност на насловни наставници ангажирани на Факултетот, им се исплатува следниов надомест:

За одржан час предавања и вежби:

- насловен вонреден професор 50 бода;
- насловен доцент 40 бода.

Бројот на часовите на насловните вонредни професори и насловните доценти изнесува најмногу 30 % од редовните обврски од соодветното наставно-научно звање.

За вршење наставна дејност на надворешни наставници од други универзитети ангажирани на Факултетот, им се исплатува следниов надомест врз основа на поднесен извештај за реализирани активности или евиденција за одржана настава, и тоа:

1. За одржан час предавања над 5 студенти:
   - редовен професор 40 бода;
   - вонреден професор 30 бода;
   - доцент 25 бода.
2. За одржан час предавања по студент:
   - редовен професор 3 бода;
   - вонреден професор 2 бода;
   - доцент 1 бод.

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

**Член 13**

На лица од странство и визитинг-наставници кои по покана гостуваат на Факултетот, за одржаните предавања им се исплатува надомест согласно со програмата за визитинг-наставници во висина од 900 бода. Вредноста на бодот со одлука се определува од страна на деканот.

Со лицата од претходниот став, деканот склучува договор.

***Надоместоци за учество во реализација на апликативна дејност***

**Член 14**

**А.** За учество во реализацијата на апликативната дејност (психолошка, педагошка и методска доквалификација и др.), на наставниците им се исплатува надоместок за извршена работа, и тоа:

1. одржан час предавање (над 15 кандидати) 25 бода
2. менторски час (5 часа по кандидат) 25 бода
3. изведување завршна проверка на знаења[6] 25 бода
4. одржан час по педагошка практика 0,5 бода

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

На вработените лица кои раководат и учествуваат во реализацијата на апликативната дејност (психолошка, педагошка и методска доквалификација), за стручната и административна поддршка им се исплатува надомест согласно со Одлуката за учество и распределба на средства за раководење и стручна и административна поддршка за реализација на психолошка, педагошка и методска доквалификација.

**Б.** За учество во реализација на едногодишни дефектолошки студии, на наставниците им се исплатува надоместок за извршена работа, и тоа за:

- завршна проверка на знаења[7] 40 бода

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

На вработените лица кои раководат и учествуваат во реализацијата на едногодишни дефектолошки студии, за стручната и административна поддршка им се исплатува надомест согласно со Одлуката за учество и распределба на средства за раководење и стручна и административна поддршка за реализација на едногодишни дефектолошки студии.

***Надоместоци за вработените во Стручната и административна служба***

**Член 15**

На вработените лица во Стручната и административна служба на Факултетот им се исплатува надомест за вршење работи и задачи кои не спаѓаат во редовни работни обврски во согласност со договорот за вработување. Деканот со одлука го утврдува учеството и ја определува висината на надоместоците.

**Член 16**

За учество во реализација на апликативната дејност спроведена од страна на Факултетот, институти, катедри, летни школи, центри и лаборатории, за секоја активност се склучува посебен договор за реализација помеѓу раководителот на активноста и деканот на Факултетот со кој се предвидуваат сите обврски на Факултетот, обврски кои Факултетот ги има кон трети лица,

[6] Еден час завршна проверка на знаења е еквивалентен на испрашан еден кандидат.

[7] Еден час завршна проверка на знаења е еквивалентен на испрашан еден кандидат.

како и за исплата на надоместоци за вклучени реализатори, раководители, координатори и за лицата вклучени како административна поддршка од стручно-административната служба на Факултетот.

Распределбата на средствата кои се остварени по основ на вршење работи за реализација на предметот на договорот од став 1, се врши со одлука на деканот, а во согласност со финансискиот план.

Одлука за учество на лицата во извршување на работите од став 2 донесува деканот, по предлог на раководителот.

## II. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

Член 1 од оваа одлука ќе започне да се применува од летниот семестар во учебната 2025/2026 година.

**Член 18**

Одредбата од член 7, став 2, точките 5, 6, 7, 8, 9 и 10 се применуваат за студентите запишани заклучно со учебната 2023/2024 година.

Одредбата од член 7, став 2, точка 13 и точка 14 се применуваат за студентите запишани од учебната 2024/2025 година.

**Член 19**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 713/2025).

**Член 20**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Д Е К А Н**
**Проф. д-р Оливер Бакрески, с.р.**

Врз основа на член 10, став 1 и став 2 и член 110, став (1), точка 13 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и бр. 58/2024), како и член 59, став 1, точка 14 од Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 463/2019, бр. 569/2021, бр. 609/2022 и бр. 647/2023), Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 29.10.2025 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за стекнување и распределба на вкупниот приход на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Филозофски факултет – Скопје**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со Одлуката за стекнување и распределба на вкупниот приход на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Филозофски факултет – Скопје (во натамошниот текст: Одлуката), се уредуваат основите за стекнување и начинот на распределба на вкупниот приход на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Филозофски факултет – Скопје (во натамошниот текст: Факултетот).

**Член 2**

Факултетот, за извршување на својата дејност, обезбедува средства од основниот Буџет на Република Северна Македонија (буџетска сметка) и од други извори определени со закон (сопствени сметки).

Средствата добиени од Буџетот на Република Северна Македонија се трошат/се реализираат според критериумите и намената утврдени од надлежното министерство, орган и сл.

Средствата добиени од други извори на сопствените сметки се стекнуваат и се

распределуваат според оваа одлука и другите општи акти на Универзитетот и Факултетот.

**II. Основи за стекнување на вкупниот приход**

**Член 3**

Факултетот го стекнува вкупниот приход врз основа на:

- вршење образовни услуги на домашни и странски физички и правни лица на прв, втор и трет циклус студии (во натамошниот текст: образовни услуги);
- вршење на различни форми за надградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование на физички лица;
- вршење научноистражувачки услуги за потребите на домашни и странски правни и физички лица (во натамошниот текст: научноистражувачки и уметнички услуги);
- вршење применувачки услуги за домашни и странски правни и физички лица (во натамошниот текст: применувачки услуги);
- вршење на стручни и уметнички услуги и продавање производи на домашни и странски правни и физички лица;
- вршење услуги по основ на јавни овластувања;
- вештачења и експертизи;
- авторски и други интелектуални права;
- издавачка дејност;
- трговски друштва основани од Универзитетот, односно од Факултетот;
- соработка со домашни и странски правни и физички лица;
- други извори.

Приходи кои Факултетот ги води на посебни сметки:

- меѓународни научноистражувачки проекти;
- фондови, фондации и сл.;
- легати, подароци, завештанија, прилози, донации и сл. (ако е утврдено со договорот);
- закупнина и сл.;
- други остварувања.

**III. Стекнување приход врз основа на вршење образовни услуги**

**1. Стекнување приход врз основа на вршење образовни услуги на прв циклус студии**

**Член 4**

Факултетот стекнува приходи врз основа на вршење образовни услуги на прв циклус студии, од:

- основниот Буџет на Република Северна Македонија;
- партиципација и школарина за студирање на студентите;
- други надоместоци за вршење на образовните услуги од став (1), алинеја 2 на овој член што се определени со Анекс 1 на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и општите акти на Факултетот;
- приходи од давање образовни услуги на други високообразовни установи (единици во состав на Универзитетот и други универзитети во земјата и во странство).

Приходи од партиципација и школарина за студирање се стекнуваат врз основа на Конкурс за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Факултетот што го објавува Универзитетот.

Приходот од давање образовни услуги на други високообразовни установи се стекнува врз основа на актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот), актите

на Факултетот и договорите со високообразовните установи.

***2. Стекнување приход врз основа на вршење образовни активности на втор и на трет циклус студии***

**Член 5**

Факултетот стекнува приход врз основа на вршење образовни и на други услуги што ги плаќаат студентите на втор и на трет циклус студии, и тоа:

- школарина врз основа на Конкурс за запишување студенти на втор и трет циклус студии;
- други надоместоци за вршење на образовните услуги од став (1), алинеја 1 на овој член што се определени со Анекс 1 на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правилникот за уплата и распределба на школарината за студирање на третиот циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и општите акти на Универзитетот и Факултетот;
- приходи од давање образовни услуги на други високообразовни установи (единици во состав на Универзитетот и други универзитети во земјата и во странство).

***3. Стекнување приход врз основа на вршење други видови образовни услуги***

**Член 6**

Факултетот стекнува приход врз основа на вршење други образовни услуги за домашни и странски физички и правни лица, и тоа:

- организирање различни облици на неформално учење, како курсеви, летни и зимски школи, работилници и слични форми за усовршување, дополнување, продлабочување и осовременување на знаењето кои не се сметаат за студии;
- континуирано образование, како доживотно образование;
- семинари, обуки, конгреси, симпозиуми и сл.;
- подготвителна настава за средношколци;
- други образовни услуги.

**IV. Стекнување приход врз основа на вршење научноистражувачки и уметнички услуги**

**Член 7**

Факултетот стекнува приход врз основа на вршење научноистражувачки, уметнички услуги, од:

- Буџетот на Република Северна Македонија;
- меѓународни институции, организации и фондови;
- домашни и странски физички и правни лица;
- други извори.

***III. Стекнување приход од вршење на применувачки услуги***

**Член 8**

Факултетот стекнува приход од вршење на применувачки услуги, и тоа од:

- државни органи и организации на Република Северна Македонија;
- физички и правни лица од земјата и од странство;
- размена и продавање на производи на научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;
- други извори.

**VI. Стекнување приход по други основи**

**Член 9**

Факултетот стекнува приход и врз основа на:

- дејности по основ на јавни овластувања;
- издавачка дејност;
- авторски и други интелектуални права;
- вештачења и експертизи;
- капитални добивки;
- субвенции, дотации, регреси и компензации;
- продажба на расходувани основни средства, ситен инвентар и др.;
- донации (легати, подароци, завештанија, прилози и сл.), ако, согласно со договорот, не се бара отворање посебна жиро-сметка;
- други приходи.

**VII. Приходи кои Факултетот ги води на посебни сметки**

**Член 10**

Факултетот стекнува приходи кои ги води на посебни сметки и врз основа на:

- меѓународни научноистражувачки проекти;
- фондови, фондации и сл. (ако е утврдено со договорот);
- легати, подароци, завештанија, прилози, донации и сл. (ако е утврдено со договорот);
- закупнина и сл.;
- други остварувања.

**VIII. Планирање на стекнувањето и распоредувањето на вкупниот приход**

**Член 11**

Факултетот, до крајот на календарската година, донесува Годишен финансиски план за вкупните приходи и нивното користење во наредната година (во натамошниот текст: Годишен финансиски план).

Годишниот финансиски план се разработува според сметки, квартали, програми, потпрограми и ставки, и тој се доставува до Универзитетот.

**IX. Распределба на приходот**

***1. Општа распределба на вкупниот приход***

**Член 12**

Приходот од Буџетот за вршење образовни услуги на прв циклус студии на Факултетот, а на втор циклус на Факултетот, се распоредува за финансирање на дејноста во согласност со закон, статутот и другите акти на Универзитетот и Факултетот, по намена, и тоа за:

- материјални трошоци на работењето;
- нематеријални трошоци на работењето;
- амортизација;
- бруто плати, надоместоци и додатоци на плата и надоместоци на трошоци што се поврзани со работа на лицата во работен однос на Факултетот согласно со Колективниот договор;
- вонредни расходи во согласност со закон;
- друго.

Остварените приходи во тековната година на буџетската сметка, кои се наменети за реализирање на дејноста на Факултетот во тековната година, ако не се реализираат, не се пренесуваат за користење во наредната година.

**Член 13**

Приходите стекнати на сопствените сметки се распределуваат согласно со актите на Универзитетот и на Факултетот, по намени и начин како што е утврдено со Годишниот финансиски план.

Приходите во тековната година на сопствените сметки, ако не се реализираат во тековната година, се пренесуваат за користење во наредната година согласно со важечките прописи.

***2. Поединечна распределба на приходите од сопствени извори***

**Член 14**

За остварување на интегративните и другите функции на Универзитетот, од вкупните средства на Факултетот што се

остварени од сопствени извори, се издвојува процентуален износ од приходите на сопствената сметка на Факултетот, во согласност со Правилникот за финансиските и материјалните прашања поврзани со средствата на интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Остатокот од средствата од сопствени приходи се распределува согласно со оваа одлука и актите на Универзитетот и Факултетот.

**Член 15**

Стекнатите приходи од партиципација на студирањето што ги уплаќаат студентите од прв циклус студии, во висина од 40 %, Факултетот ќе ги распределува за намените што се утврдени во Правилникот за распределба на дел од средствата стекнати од партиципација на трошоците за студирање на факултетите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Останатите 60 % од приходите, стекнати од партиципација на студирањето, приходите стекнати од школарина што ги уплаќаат студентите на прв циклус студии, 40 % од приходите стекнати од школарина на студентите на втор циклус студии и 32,8 % од приходите стекнати од школарина на студентите на трет циклус студии, како и приходите од трошоците за образовни услуги на студентите, ќе се користат за остварување на дејноста на Факултетот, и тоа за:

- материјални трошоци на работењето;
- нематеријални трошоци на работењето;
- амортизација;
- инвестиции, развој и сл.;
- плати, надоместоци и додатоци на плата и надоместоци на трошоци поврзани со работа на лицата во работен однос на Факултетот;
- надоместоци за вршење дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовните работни обврски на лицата во работен однос со полно работно време на Факултетот;
- надоместоци на надворешни стручни лица за вршење работи и задачи за потребите на Факултетот;
- вонредни расходи во согласност со закон;
- студентски стандард;
- финансирање на работата на Факултетското студентско собрание;
- друго.

**Член 16**

Начинот на распределбата и висината на средствата од член 15, став (2), алинеи 5, 6, и 7 се утврдени со општите акти на Факултетот.

Другите приходи утврдени со член 15 се реализираат согласно со актите на Деканатската управа, утврдени со Годишниот финансиски план.

**Член 17**

Приходите што се стекнати врз основа на образовни услуги за реализација на трет циклус студии ќе се распределуваат според Одлуката за распределба на школарината за студирање и евиденција на уплатите на третиот циклус академски студии – докторски студии на Факултетот, а согласно со Правилникот за утврдување на износот на трошоците за студирање на третиот циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и општ акт на Факултетот.

**Член 18**

Приходите што се стекнати по основ на образовни услуги за изведување настава на други високообразовни установи во рамките на Универзитетот и други високообразовни установи надвор од Универзитетот, се утврдуваат и се распределуваат врз основа на важечките акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и општ акт на Факултетот.

**Член 19**

Приходите стекнати од вршење на научни услуги се распределуваат согласно со општ акт на Факултетот, при што задолжително се издвојуваат средства за развој и

унапредување на дејноста, во висина од најмалку 20 % од вкупниот приход.

Приходите стекнати од меѓународни проекти се распределуваат согласно со склучениот договор и општ акт на Факултетот при што, покрај средства за Универзитетот, задолжително се издвојуваат и средства за Факултетот, за администрирање и менаџирање на проектот.

**Член 20**

Од приходите што се стекнати врз основа на стручно-апликативни услуги: по основ на јавни овластувања, изработка на студии, елаборати, вештачења, експертизи, мислења, и сл., како и други високообразовни услуги: курсеви за стекнување специфични стручни знаења, форми за усовршување, дополнување, продлабочување и осовременување на знаењето и сл. кои не се сметаат за студии, перманентно образование, семинари, работилници, летни и зимски школи, симпозиуми, конгреси и сл., задолжително се издвојуваат средства за инвестиции, развој и сл. во висина од најмалку 20 % од вкупниот приход.

Остатокот од средствата, согласно со став (1) на овој член, се распределуваат согласно со општ акт на Факултетот.

**Член 21**

Приходите стекнати од вршење на размена на научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица и од вршење научна, уметничка и стручна дејност и продавање производи на домашни и странски правни и физички лица се распределуваат согласно со член 20 на оваа одлука, доколку со договорот не е поинаку определено.

**Член 22**

Делот од средствата издвоени за Факултетот, согласно со членовите 19, 20 и 21, можат да се наменат за плата, авторски и други договори во функција на дејноста на Факултетот, набавка на лабораториска и друга опрема, софтвер, осовременување на наставниот процес и сл.

**Член 23**

Приходите што се стекнати од легати, подароци, завештанија, прилози, донации и сл., како и од фондови, фондации и сл., се користат за намената за која се дадени, а се реализираат според условите од договорот.

Приходите од наемнина/закуп се стекнуваат на посебна сметка и се користат во согласност со Правилникот за постапката за издавање под закуп на недвижниот имот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје по намени и начин како што е утврдено со Годишниот финансиски план.

## XI. Пренамена на приход

**Член 24**

Доколку предвидените средства за определена намена не бидат искористени во тековната година, со одлука на Деканатската управа, тие можат да се пренаменат.

## XII. Завршни одредби

**Член 25**

Измени и дополнувања на оваа одлука се вршат на ист начин и во постапка како и за нејзиното донесување.

**Член 26**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Оливер Бакрески, с.р.**